ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ОПШТИНА БЕРОВО
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2010 ГОДИНА

2011 04 51/1

Скопје, декември 2011

## Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 10 |
| **Финансиски извештаи за 2010 и 2009 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 11 |
| Биланс на состојба | 12 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 13 - 14 |
| Сметководствени политики | 14 - 16 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 17 - 21 |
| **Преглед 1** – Забелешки на Нацрт извештај | 22 - 25 |
| **Преглед 2** – Одговор на Забелешки на Нацрт извештај | 26 |
| **Преглед 3** - Спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Општина Берово на сметката на Основен Буџет (630) | 27 - 29 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 30-167/11
**Дата:** 14.12.2011

ДО
ОПШТИНА БЕРОВО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Берово за 2010 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година. Утврдено е дека дадените препораки се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.
Во Општина Берово системот на јавна внатрешна финансиска контрола во процесот на утврдување и наплата на приходите е делумно воспоставен. Воспоставени се контролни постапки во пракса, меѓутоа, нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдувањето, наплатата и контрола на пресметките за утврдување на даноците на имот, на специфични услуги и комунални такси.
Во однос на реалноста и целосноста при утврдувањето и наплатата на приходите е констатирано дека утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот како основа за данокот на имот не е завршено за сите даночни обврзници на територија на Општина Берово, односно за дел од даночните обврзници-физички лица се користи даночната основа преземена од Управата за јавни приходи, додека кај правните лица даночна основа претставува пријавената вредност од страна на даночниот обврзник.

*Ревизорски тим:*
*1.* С. Кулова
*2.* [signature]

*Овластен државен ревизор*
Стојанова

Од страна на раководното лице на Општината добиени се забелешки на точката 4.2.3. од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и бидејќи се однесуваат на донесување на акти од страна на надлежните органи соодветно е обелоденето како постапување во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 и 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Берово, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Берово за 2006 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Берово под 31 декември 2006 година е негативно, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум и мислењето за усогласеноста со закони и прописи во извештајот е без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драги Наџински - градоначалник на Општина Берово во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Берово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија, и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 29.06.2011 до 14.07.2011 година, кај Општина Берово на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова – помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
- Светлана Кумова – самостоен ревизор, и
- Даниела Мартиноска – помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија на 09.09.2011 година.

На ден 18.11.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под број 30-167/10 од 18.11.2011 година.

Забелешките се однесуваат на точката 4.2.3, истите се разгледани и бидејќи се однесуваат на донесување на акти од страна на надлежните органи соодветно е обелоденето како постапување во Конечниот извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Во Општина Берово системот на јавна внатрешна финансиска контрола, кој го опфаќа финансиското управување и контрола, вклучувајќи и организациона структура, и методи и процедури на работење и внатрешна ревизија е делумно воспоставен. Воспоставени се контролни постапки во пракса, меѓутоа, нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдувањето, наплатата и контрола на пресметките за утврдување на даноците на имот, на специфични услуги и комунални такси.
Во Општина Берово нема одговорен сметководител, што не е во согласност со член 36 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.
Градоначалникот на Општината нема основано посебна организациона единица за финансиски прашања, што не е во согласност со членот 9 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, а се должи на проблеми во процедурата на измена на актот за организација и систематизација од страна на Советот на Општината.
Нецелосно воспоставените интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината не е во согласност со членот 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што создаваат ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на даноци и такси, како и ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината.
Во текот на ревизијата се изготвени и донесени пишани процедури во процесот на утврдување и наплата на данокот на имот.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Берово да:

- донесе пишани процедури во процесот на утврдувањето и наплатата на другите видови приходи за чие администрирање е надлежна општината со поделба на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно службено лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола, обезбедување ex - ante и ex - post финансиска контрола;
- обезбеди целосна примена на донесените пишани процедури за пресметување, наплата и контрола на пресметките на даноците на имот;
- го интензивира процесот на основање единица за финансиски прашања и
- одреди одговорен сметководител.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Берово во Буџетот за 2010 година има планирано приходи и расходи во износ од 54,553 илјади денари. Реализираните приходи се под планираниот износ за 18%, а расходите за 24%. Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот.
Со ребалансот на буџетот во 2010 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, што дава можност за преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот во тековната и нивно пренесување во наредната фискална година и го нарушува принципот на добро менаџерско управување.
Отстапувањето од планираниот износ на приходите во Буџетот произлегува од неостварени капитални приходи (планирани приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија во износ од 7,000 илјади денари, остварени 66 илјади денари) и трансфери и донации (планирани капитални трансфери од други ниво на власт во износ од 6,645 илјади денари, остварени 1,639 илјади денари). Сопствените приходи на Општината се над планираниот износ.

**Препорака:**
Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци:
- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темели на реалните состојби и можности и податоците за остварувањата во претходните години;
- во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс), а советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

4.2.2. Општина Берово нема донесено за 2010 година програма за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите што согласно членот 9 од Законот за таксата за привремен престој треба да ја донесе Советот на Општината. Недонесувањето на програма за општа туристичка пропаганда создава ризик од ненаменско користење на наплатената такса за привремен престој.
**Препорака:**
Со оглед на забрзаниот туристички развој на Општина Берово, општинската администрација да изготви, а Советот на Општината да донесе годишна програма

за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите за секоја фискална година.

4.2.3. Со ревизијата на утврдување и наплата на даночните приходи е утврдено дека:

- утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот како основа за утврдување на данокот на имот не е завршено за сите даночни обврзници на територија на Општина Берово. За дел од даночните обврзници-физички лица (Градот Берово и село Смојмирово) се користи даночната основа преземена од Управата за јавни приходи, додека кај правните лица даночна основа претставува пријавената вредност од страна на даночниот обврзник. Ова не е во согласност со членот 5 од Законот за даноците на имот, каде е уредено дека основа на данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Непрменувањето на Методологијата може да влијае врз висината на пресметаниот данок и да предизвика помалку остварени приходи во Буџетот на Општината, а даночните обврзници ги става во нерамноправна положба;
- при утврдување на пазарната вредност на индивидуални станбени згради (куќи) за даночните обврзници од с. Мачево во јули 2010 година е извршено намалување на пазарната вредност за 50% постапувајќи согласно членот 22 од Методологијата донесена во 2005 година, не земајќи предвид дека во март 2010 година овој член е изменет. Согласно измените, наместо намалување на пазарната вредност за 50% за куќи во селските населби се предвидува намалување на макролокацијата (еден од елементите кои ја сочинуваат пазарната вредност) за 50% од последната градска зона, а за секое понатамошно населено место намалување за дополнителни 10%. Ова резултира со пониско утврдена даночна основица и помалку остварени приходи во Буџетот на Општина Берово.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај, градоначалникот на Општина Берово има донесено решенија за формирање на комисии за утврдување на пазарната вредност на имотот на физичките лица од населените места Берово и Смојмирово како и за имотот на правните лица во Општина Берово, согласно Методологијата за утврдување на пазарна вредност.

**Препораки:**
Градоначалникот на Општината да го продолжи процесот за утврдување на пазарна вредноста на недвижниот имот во регистарот на обврзници на данок на имот согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

4.2.4. Во текот на 2010 година од ЈПКР„ Услуга Берово“ се уплатени 240 илјади денари по основ на надоместок за одржување на јавната чистота, наплатени преку наплата на сметките за собирање и транспортирање на комуналниот отпад. Согласно член 25 од Законот за јавна чистота, средствата наплатени од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота. Општината нема сознание дали јавното претпријатие ги уплаќа сите наплатени средства за одржување на јавна чистота, особено ако се има предвид интервалот во кој се врши уплатата (четири уплати во 2010 година по интервенцијата на Општината), што создава ризик од нецелосна наплата на приходите.

**Препорака:**
Општината континуирано да врши контрола на уплатата на овие средства со оглед на фактот дека овие средства се строго наменски.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Не е извршен попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и нивната старосна структура. Неспроведување на пописот на побарувањата не е во согласност со членот 31-в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Ваквиот начин на постапување создава ризик од нереално прикажување на побарувањата и нереални финансиски извештаи. За утужените побарувања од правни субјекти кои се бришени од Централен регистар (отворена и заклучена стечајна постапка) во износ од 332 илјади денари, комисијата за попис требало да предложи отпис на побарувањата, а Советот на Општината да донесе решение за отпис. За овој износ се искажани поголеми побарувања во билансот на состојба.
Ревизијата со аналитички постапки и детални тестирања утврди дека наплатата на побарувањата во Општина Берово се следи во текот на целата година, се води сметка за нивната старосна структура и се преземаат законските мерки за нивна наплата (опомени, извршни решенија, судски постапки).

**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата да го изврши пописот на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.2., а кое се однесува на нецелосно ажурирани регистри за данок на имот, ревизијата не беше во можност да изаврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финанските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3 . финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Берово на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Берово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

Согласно член 39 став 2 од Законот за даноците на имот општинската администарација и администрацијата на Град Скопје се должни редовно да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастер на недвижности. Вакво усогласување и покрај барањата на општините досега не е направено и оваа законска одредба не се имплементира. Причината за ваквата состојба е фактот дека не се компатабилни регистрите кои ги води даночната администрација и регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастер на недвижности. За имплементирање на оваа законска одредба а во функција на комплетност на регистарот кој го води даночната администрација законодавецот да преземе активности во функција на надминување на оваа состојба.

Скопје, 06.12.2011 година

*Ревизорски тим:*
*1.* ____________
*2.* ____________

*Овластен државен ревизор*
____________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 22.022 | 15.596 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 2.130 | 1.835 |
| Капитални приходи | 3.3. | 340 | 389 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 20.386 | 18.158 |
| **Вкупно приходи** | | **44.878** | **35.978** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.6.1. | 13.646 | 13.271 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.6.2. | 351 | 209 |
| Стоки и услуги | 3.6.3. | 11.850 | 13.146 |
| Субвенции и трансфери | 3.6.4. | 1.535 | 1.063 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **27.382** | **27.689** |
| **Капитални расходи** | 3.7. | 13.992 | 6.926 |
| **Вкупно расходи** | | **41.374** | **34.615** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3.504** | **1.363** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3.504 | 1.363 |
| Побарувања | 4.1.2. | 8.575 | 4.474 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.3. | 1 | 1 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.4. | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни средства** | | **12.081** | **5.839** |
| **Вкупна актива** | | **12.081** | **5.839** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.2.1. | 2 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 12.079 | 5.837 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **12.081** | **5.839** |
| **Вкупна пасива** | | **12.081** | **5.839** |

# 1. ВОВЕД

Општина Берово е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на Општината.

Подрачјето на општина Берово е определено со Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа.
Седиштето на општината се наоѓа во градот Берово на ул. Димитар Влахов бр. 10.
Според пописот на населението во 2002 година, Општина Берово има 13.941 жители.

Подрачјето на Општината ги опфаќа градот Берово и селата: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Русиново, Ратево и Смојмирово.

Согласно членот 22 од Законот за локална самоуправа, во рамките на законот и во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон, општината на своето подрачје ги врши работите од јавен интерес од локално значење.

Општината има својство на правно лице, а своите надлежности ги извршува преку органи избрани непосредно од граѓаните.

Органи на општината се Советот и Градоначалникот кои се избираат за период од четири години. Советниците и Градоначалникот надлежни за работењето на општина Берово за годината предмет на ревизијата се избрани на локалните избори во 2009 година. Советот на Општина Берово го сочинуваат 15 членови чии надлежности се утврдени со Закон за локална самоуправа и Статутот на Општина Берово.
Основен акт на Општината е Статутот со кој се уредени прашањата во врска со организација и надлежности. Статутот се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот на Општината.
Општината Берово е вклучена во втората фаза на децентрализација во 2007 година.
Изворите на средства за работење на општина Берово се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, и тоа од:

- персонален данок на доход;
- локални даноци: данок на имот, данок на промет на недвижности, данок на наследство и подарок, други локални даноци утврдени со закон;
- локални такси: комунални такси, административни такси и други локални такси;
- локални надоместоци: надомест за уредување на градежно земјиште, надоместоци од комунална дејност, надоместоци за просторни и урбанистички планови и други локални надоместоци;
- приходи од надоместок за концесии;

- дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите;
- домашно задолжување.

За извршување на функциите на општината, во општинската администрација како организациони единици се формирани сектори и во нивни рамки одделенија.
Годишната сметка на општина Берово ја усвојува Советот на општината.
Овластено лица за располагање со паричните средства на сметката на Општина Берово во текот на 2010 година е:

- Драги Нацински- градоначалник на Општина Берово во 2010 година.

Општина Берово финансиското работење на сметката на основен буџет (630) го врши преку сметката 702014000263012 отворена во рамките на Трезорската сметка. Преку оваа сметка се остваруваат приходите на буџетот и се дотираат средства на сметката на основен буџет (637) на Општина Берово.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1. Изготвување, доставување и донесување на Буџетот

2.1.1. Изготвувањето на буџетот на Општината Берово се врши врз основа на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика и приоритетите на Општината.

2.1.2. Општината постапува согласно буџетскиот циркулар кој ги содржи основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на буџетот на општина Берово, дотациите за Општината што се трансферираат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на фондовите и приходите од други извори.

2.1.3. Советот на општина Берово донесува буџетски календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на Општината.

2.1.4. Врз основа на утврдените рокови со буџетскиот календар, градоначалникот на Општината до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови.

2.1.5. Советот на општина Берово не може да го разгледува предлогот на буџетот на Општината пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Советот.

2.1.6. Буџетот на Општината за наредната година треба да биде донесен до 31 декември во тековната година од Советот на општина Берово.

### 2.2. Утврдување на приходи и расходи

2.2.1. Буџетот на Општината, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа треба да содржи:

- Општ дел:
- Консолидиран биланс;
- Функционална класификација на расходите;
- Биланс на тековно - оперативни приходи и расходи, и
- Биланс на капитални расходи.

Посебен дел:

- Прикажување на расходите според Правилникот за класификација на расходите, групирани според корисници и програми;
- Анекси (финансиски планови - биланс на приходи и расходи на јавните служби основани од Општината, кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на Општината, и
- Образложение на Буџетот.

Развоен дел:

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по :

- Одделни буџетски програми и потпрограми,
- Години во кои истите ќе се реализираат, и
- Извори на финансирање, односно буџети.

2.2.2. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат за максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.2.3. Одобрените средства во програмите и потпрограмите за развојниот дел на основниот буџет кои нема да се искористи во текот на фискалната година, во износ од 50% се пренесуваат како одобрени средства за првото полугодие од наредната фискална година.

2.2.4. За секој расход што бара нов извор на приходи заедно со предложениот извор се обработува посебен буџетски документ (ребаланс), донесен од Советот на општина Берово.

2.2.5. За покривање на непредвидливите барања за расходите кои ќе се појават во текот на буџетската година, се издвојува до 3% од вкупните тековни расходи за буџетски резерви (постојана и тековна) за која одлучува Советот на општина Берово.

## 2.3. Извршување на Буџетот

2.3.1. Извршувањето на буџетот на Општината се врши врз основа на донесените годишни, квартални и месечни финансиски планови по сметки, програми, потпрограми и ставки на корисниците.

2.3.2. Буџетските корисници во текот на фискалната година можат да вршат пренамена во рамките на одобрените буџети, по одобрување од Советот на општина Берово.

2.3.3. Градоначалникот на општина Берово ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на Општината.

2.3.4. Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот. Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

2.3.5. Правото на корисниците на буџетот за трошење на средства од буџетот престанува на 31 декември во тековната фискална година.

2.3.6. Приходите наплатени по 31 декември на сметката на буџетот се евидентираат како приходи на буџетот за следната фискална година.

2.3.7. Приходите што ги остваруваат единиците на локалната самоуправа од вршење на дејности кои не се финансираат од буџетот, се уплатуваат на посебни сметки за донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности, чие одобрување на средства е утврдено со поодделните буџети во рамките на буџетот на Општината.

2.3.8. Намалувањето или зголемувањето на планот на приходите и други приливи и планот на одобрените средства во буџетот на донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности го одобрува Советот на Општината по претходно поднесено барање од буџетскиот корисник до градоначалникот на Општината кој го проследува до Советот на Општината.

## 2.4. Финансиски резултат

2.4.1 Буџетски суфицит (вишок на приходи над расходи) претставува разлика меѓу приходите и расходите на буџетот на општина Берово, кога приходите се поголеми од расходите, при што, утврдениот вишок на приходи се пренесува во буџетот за наредната година и се евидентира во корист на сметката на приходите.

## 2.5. Извори на капитални средства

2.7.1. Под извори на капитални средства се подразбираат обврските спрема изворите на средства што не пристигнуваат додека корисникот работи.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Даночни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, и тоа по следните основи:

- персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;
- даноци на имот кои опфаќаат данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности, и
- даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за: истакнати фирми, регистрација на моторни возила, јавно улично осветлување, превозни такси, користење на простор пред деловни простории, комунална такса за истакнување на реклами, надомест за уредување на градежно земјиште и др.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2010 | 2010 | 2009 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 960 | 1.009 | 921 | (49) |
| Даноци на имот | 4.739 | 5.857 | 4.315 | (1.118) |
| Даноци на специфични услуги | 14.360 | 14.811 | 10.179 | (451) |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.810 | 345 | 181 | 1.465 |
| **Вкупно** | **21.869** | **22.022** | **15.596** | **(153)** |

### 3.2. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- глоби, судски и административни такси кои опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на Општината,
- такси и надоместоци кои опфаќаат приходи од закупнини на објекти;
- други Владини услуги кои опфаќаат приходи од надомест за изработка на просторни и урбанистички планови и
- други неданочни приходи кои опфаќаат: плаќање нанадомест за користење такси постројки и административна такса за лиценци за такси возила, 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, приходи од

наплатени комунални трошоци од субјектите смесетени во општинската зграда, надомест за користење на салата за венчавки и др..

во 000 денари

| Опис | Буџет 2010 | 2010 | 2009 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Глоби, судски и административни такси | 253 | 262 | 342 | (9) |
| Такси и надоместоци | 197 | 182 | 290 | 15 |
| Други Владини услуги | 45 | 31 | 18 | 14 |
| Други неданочни приходи | 1.160 | 1.655 | 1.185 | (495) |
| **Вкупно** | **1.655** | **2.130** | **1.835** | **(475)** |

## 3.3. Капитални приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи за средствата кои се планирани со Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа по основ на приходи од продажба на земјиште и надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 340 илјади денари (2009 – 389 илјади денари, планирано 7,300 илјади денари)

## 3.4. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (2010 – 20,386 илјади денари, во 2009 година 18,158 илјади денари, планиран износ 23,729 илјади денари) и тоа по следните основи:

- трансфери од Агенцијата за државни патишта, вишок на приходи од 2009 година пренесени во 2010 година, дотации од приходи од ДДВ и Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

## 3.5. Тековни расходи

### 3.5.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основен буџет (637), од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општината Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2010 | 2010 | 2009 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Основни плати | 11.335 | 9.231 | 9.906 | 2.104 |
| Придонеси за социјално осигурување | 3.803 | 3.430 | 3.363 | 373 |
| Останати придонеси од плати | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Надоместоци | 1.385 | 985 | 0 | 400 |
| **Вкупно:** | **16.523** | **13.646** | **13.271** | **2.877** |

### 3.5.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основен буџет (637), за средствата кои се обезбедени со Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 351 илјади денари (2009–209 илјади денари, планирани средства 400 илјади денари).

### 3.5.3. Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основен буџет (637), за средствата кои се обезбедени со Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

во 000 денари

| Опис | Буџет 2010 | 2010 | 2009 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Патни и дневни расходи | 657 | 497 | 527 | 160 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 6.602 | 5.128 | 6.384 | 1.474 |
| Материјали и ситен инвентар | 1.000 | 925 | 739 | 75 |
| Поправка и тековно одржување | 3.545 | 2.247 | 2.585 | 1.298 |
| Договорни услуги | 1.272 | 969 | 1.910 | 303 |
| Други тековни расходи | 1.306 | 911 | 1.001 | 395 |
| Привремени вработувања | 1.173 | 1.173 | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **15.555** | **11.850** | **13.146** | **3.705** |

### 3.5.4. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основен буџет (637), од средствата кои се обезбедени со Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2010 | 2010 | 2009 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Субвенции за јавни претпријатија | 1.300 | 900 | 0 | 400 |
| Трансфери до невладини организации | 230 | 170 | 345 | 60 |
| Разни трансфери | 920 | 465 | 718 | 455 |
| **Вкупно:** | **2.450** | **1.535** | **1.063** | **915** |

### 3.6. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основен буџет (637), од средствата обезбедени од Буџетот на општина Берово, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2010 | 2010 | 2009 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Купување на опрема и машини | 636 | 585 | 0 | 51 |
| Други градежни објекти | 17.809 | 12.483 | 6.135 | 5.326 |
| Купување на мебел | 0 | 0 | 84 | 0 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 1.180 | 924 | 707 | 256 |
| **Вкупно:** | **19.625** | **13.992** | **6.926** | **5.582** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### Актива

### 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ и ги опфаќа паричните средства на Сметката. Нивната состојба на 31 декември 2010 година изнесува 3,504 илјади денари (2009 – 1,363 илјади денари).

### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција е проценета на износ од 8,575 илјади денари (во 2009 година – 4,474 илјади денари) и се однесува на побарувања за данок на имот од правни и физички лица, побарувања за неплатени комунални такси и други побаривања .

### 4.1.3. Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување

Оваа позиција е проценета на износ од една илјади денари (во 2009 година – 1 илјади денари).

### 4.1.4. Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите

Оваа позиција е проценета на износ од една илјади денари (во 2009 година – 1 илјади денари).

## Пасива

### 4.2. Тековни обврски

### 4.2.1. Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите

Оваа позиција е проценета на износ од две илјади денари (во 2009 година – 2 илјади денари).

### 4.2.2. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција во Билансот на состојбата е искажана во износ од 12,079 илјади (2009 – 5,837 илјади денари):

- дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година - 3,504 илјади денари (2009 – 1,363 илјади денари), и
- други Пасивни временски разграничувања – 8,575 илјади денари како кореспондентна ставка на позицијата Побарувања (2009 – 4,474 илјади денари).

# ОПШТИНА БЕРОВО

„Димитар Влахов“ бр.10
2330 Берово
www.berovo.gov.mk

тел/факс. + 389 (0)33 471 057
+ 389 (0)33 471 026
Е-маил: so.berovo@mt.net.mk


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 03-2361/2
15.11.2011 год.
БЕРОВО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
18.11.2011
30 167/10

До
**Државен завод за ревизија**

**( Овластениот државен ревизор)**

**Скопје**

Предмет. Доставување на одговор по Нацрт извештај

Врска. Доставување Нацрт извештај број 30-167/8 од 18.10.2011 година

Почитувани.
Во врска со Вашиот предмет на доставување на Нацрт извештај број 30-167/80од 18.10.2011 година, во законски определениот рок, 30 ( триесет) дена од денот на приемот Ви доставуваме одговор на Нацрт извештајот. Во прилог Ви доставуваме доказ дека дел од препораките дадени од Ваша страна веќе ги имаме извршено, и се надеваме дека тие препораки нема да влезат во Конечниот извештај. Другите препораки ќе ги извршиме во најкраток можен рок.

Со почит.

Берово
15.11.2011година

Градоначалник
Драги Нацински

Изработил.Марина Предарска

Пилог 1.

# До Државен завод за ревизија

## Информации за преземените мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Нацрт ревизорскиот извештај за Финансиските извештаи за Општина Берово за 2010год. за сметката на Основен буџет ( 630)

**I. Основни податоци**

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот | Општина Берово |
| Назив на сметката | Сметка на основен буџет |
| Матичен број на субјектот | 59952184 |
| Вид на ревизија | Финансиска ревизија и ревизија на регуларност |
| Датум на издавање | 18.10.2011год. |
| Краен датум за одговор на извештај | 18.11.2011год. |
| По кој пат се врши ревизијата | Трет пат |

**II. Податоци за препораките**

| Ред. број | Краток опис на препораката | Број на препораката од извештајот | Преземена мерка | | Коментар |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| 1. | Критериум за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земкиште во кои се утврдени цените за пресметка на пазарната вредност по класи на земјоделско земјиште да се утврдат од страна на Советот на Општина Берово како надлежен орган, согласно Законот за локална самоуправа. | 1.1. | x | | На седницата на Советот на Општина Берово одржана на 29.09.2011година, Советот донесе Одлука број 07-2239/1, за утврдување критериуми на пазарна вредност на недвижен имот ( земјоделско земјиште) која ќе служи како основица за пресметување на данок на промет на недвижен имот во Општина Берово.<br><br>**Во прилог** Ви доставуваме фотокопија од донесената одлука со која потврдуваме дека Препораката број 1.1. од сметката на основен буџет (630) е извршена. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот како основица за утврдување на данокот на имот не е завршенао за сите даночни обврзници на територијата на Оптина Берово.За дел од даночните обврзници( Берово и Смојмирово) се користи даночната основа преземена од Управата за јавни приходи, додека кај правните лица даночна основа претставува пријавената вредност од страна на даночните обврзници.Градоначалникот на Општината да го интензивира процесот за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот во регистарот на обврзници на данок на имот согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. | 4.2.3. | x | | Градоначалникот на општина Берово на 26.09.2011година донесе Решение број 08-2217/1, број 08-2218/1 и број 08-2219/1, за формирање на повеќе комисии за вршење на процена и репроцена за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот сопственост на физичките лица во градот Берово и во село Смојмирово, во кои досега не беше вршена репроцена на имотот, како основица за пресметување на данок на имот. Формираните комисии се секојдневно на терен и за наредната година (2012г) базата на податоци во регистарот за недвижен имот ќе биде ажурирана. Проценката на недвижниот имот ќе биде извршена согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.<br><br>Градоначалникот на општината на 01.11.2011година, донесе Решение број 08-2439/1 за формирање на Комисија за вршење на процена и репроцена за утврдување на вредноста на недвишниот имот во сопственост на правните субјекти од Берово и од другите населени места. Комисијата до крајот на годината треба да изврши репроцена на вредноста на недвижниот имот на правните лица, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност, која што нова вредност ќе биде основа за пресметување на данокот на имот за наредната година.<br><br>Со напред споменатите активности, Градоначалникот на општината, го интензивира процесот за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот на територијата на целата општина. На тој начин, Градоначалникот ја остварува својата законска обврска во процесот на зголемување на приходите на општината со што директно влијае во остварување на поголем број проекти за подобрување на животот на луѓето во сите населени места, што е и главна цел на функцијата **Градоначалник**<br><br>**Во прилог** Ви доставуваме фотокопија од Решенијата за формирање на комисии, кои што комисии ќе ја извршат Препораката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | број 4.2.3. дадена од Ваша страна во Нацрт извештајот. |
| | | | | | |

Останатите препораки дадени од Ваша страна за сите сметки преку кои Општина Берово ги остварува своите активности, општинската администрација организирана од Градоначалникот на општината, во најкраток можен рок ќе ги изврши.

Изработил. Марина Предарска.

Раководно лице на субјектот – Градоначалник Драги Нацински

Дата -15.11.2011година

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 18.11.2011 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Берово за сметката на основен буџет (630) од раководното лице на општината, број 03-2361/2 од 15.11.2011 година, заведени во Државниот завод за под број 30-167/10.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката изнесена во точка 1 не се однесува на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, **туку претставува известување** за постапување по препораката од точка 1.1. од менаџерскиот извештај.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.2.3**. која се однесува на неажурираната пазарна вредност на недвижниот имот за дел од даночните обврзници физички лица во населените места Берово и Смојмирово како и неутврдената пазарна вредноста на имотот на правните лица на територијата на Општина Берово, согласно Методологијата за утврдување на пазарна вредност, **претставува известување** за постапување по дадената препорака. Раководното лице на општината информира дека се донесени решенија за формирање на повеќе комисии кои треба да извршат репроценка на вредноста на имотот на физичките лица во населените места Берово и Смојмирово како и една комисија за проценка на имотот на правните лица, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност. Имајќи во предвид дека формирањето на комисии за утврдување на пазарна вредност на имотот претставува активност во тек насочена кон отстранување на утврдените состојби, истото соодветно ќе биде презентирано во Конечниот извештај.

*Ревизорски тим:*
1. ______________
2. ______________

*Овластен државен ревизор*

**Прилог 3**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Општина Берово на сметката на основен буџет (630)

| Бр./ врска на наодот во конеч. извештај | Наод | Ревизорска област Препорака | Статус на препора-ката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.2.** | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.2.1. | Општина Берово во текот на 2006 година има остварено приходи во износ од 1.428 илјади денари по основ тековни донации од граѓани за финансиско учество во изработка на урбанистички план вон населено место за туристичка населба Суви Лаки, врз основа на Одлука донесена од градоначалникот на општината. Одлуката не е донесена од советот на општината што е спротивно на членот 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа. | На предлог на градоначалникот, советот да донесе одлука за финансирање изработка на урбанистички планови. | Спроведено | |
| 11.2.2. | Општина Берово со Буџетот за 2006 година има планирано приходи/расходи во износ од 40.103 илјади денари. Планираните приходи се | Градоначалникот на Општината во случаите кога остварувањето на приходите/расходите | Спроведена | Законската регулатива е изменета, ребаланс се бара кога постои позначително |



*Ревизорски тим:*
*1.* ____________
*2.* ____________

*Овластен државен ревизор*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | остварени со процент од 77,62 %, а расходите со процент од 70,13 %. Согласно член 36 од Законот за буџетите, општина Берово имала обврска да донесе ребаланс, заради неостварување на планираните приходи за повеќе од 5%, кој го донесува Советот на општината на предлог на градоначалникот. | планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% како зголемување или намалување на буџетираните износи е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот. | | отстапување од планираниот износ. Донесен е ребаланс но пак има отстапување помеѓу планираните и остварените приходи/расходи |
| **11.3.** | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.3.1. | Позицијата Краткорочни побарувања е потценета за износ од 7.240 илјади денари поради неевидентирање на побарувањата по повеќе основи и тоа:<br>- побарувањата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште во износ од 2.395 илјади денари;<br>- побарувањата по основ на данок на имот во износ од 4.003 илјади денари, и<br>- побарувањата по основ на комунална такса за истакнување на фирма и реклами во износ од 842 илјади денари. | Одделение за сметководство во сметководството да ги евидентира побарувањата кои ги има од комитентите по разни основи, вклучително и по претходно споменатите основи, заради искажување реална состојба на идните приходи на општината. | Спроведено | |
| 11.3.2 | Ревизијата не се увери во реалноста на побарувањата во износ од 537 илјади денари кои претставуваат стари салда пренесени од претходни години, кои биле евидентирани во сметководството на Фондот за локални | Градоначалникот да предложи, а Советот на општина Берово да донесе конкретни акти за расчистување на овие состојби. | Спроведено | |



*Ревизорски тим:*
1. ____
2. ____

*Овластен државен ревизор*
____

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | патишта, а со укинување на истиот се превземени како состојби во сметководството на општината. Од страна на надлежните во општината на ревизијата не и беше презентиран доказ кој ќе ја потврди реалноста на овие побарувања. Ваквата состојба придонесува за прикажување на нереални финансиски извештаи.<br>Во периодот на забелешки по Претходен извештај, Градоначалникот на општина Берово има донесено решение за забрана од плата за две лица за повеќе исплатени плати односно во функција на регулирање на побарувањата од физички лица.<br>Што се однесува до побарувањата од правни субјекти презентирани се документи за основот и времето на настанување на истите. | | | |



*Ревизорски тим:*
1. ______________
2. ______________

*Овластен државен ревизор*